**З А П И С Н И К**
**од Педесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.3.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 6.3.2018 година**

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Билен Саљиџи, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваше Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

  - Информација за Стратегијата на Европската комисија за Кредибилна перспектива за проширување и зајакнат ангажман на Европската Унија со Западен Балкан, со иницијатива за воспоставување на национален координативен механизам, за следење на нејзината имплементација

  - План 3-6-9+ (статус 6.3.2018 година)

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, со Предлог-одлука за давање согласност

2. Информација за кредитно задолжување на ЈП Македонски шуми - Скопје, со Предлог-одлука

3. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на Годишна сметка и финансиски извештаи на Државна лотарија на Македонија за 2017 година, со Предлог-одлука
4. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија

5. Информација со Предлог-одлука за добивање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, преработка, рециклирање и уништување.

6. Предлог-одлука за давање на користење на недвижни ствари на Општина Куманово

7. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е1-комунална инфраструктура, Е2-комунална супраструктура и Д1-парковско зеленило, од јавен интерес, со Предлог-одлука

8. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура, од јавен интерес, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот пазарен инспекторат

10. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во катастарот на недвижностите У.Бр.640/17

11. Информација со Предлог-одлука за формирање на Управен одбор на Проектот - Самовработување со кредитирање и Проектот кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места

12. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од склучување на Договори за купопродажба на објекти со Друштвото за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид како купувач, со Предлог-одлуки за давање согласност за купопродажба на објекти со Друштвото за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид како купувач и нацрт - договори за купопродажба на објекти со Друштвото за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид како купувач

13. Информација за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош, со нов модел на поефикасно искористување, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

14. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Лескоец, општина Охрид, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2-лесна индустрија КО Сарај, општина Сарај, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, општина Гази Баба, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Мојанци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Мојанци, општина Кочани, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Хотел „Солун“-Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

20. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел „Мола“-Скопје со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителскиот објект

21. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од Хотел „СУ“ со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

22. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Трница“, општина Студеничани и „Фабрика Кватро“ општина Куманово, со Предлог-одлука

23. Информација за потреба од формирање на извршно тело кое ќе има за одговорност подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во врска со Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Имплементација на студија и акциски план за подобрување на безбедноста по СЕЕТО мрежата (коридор 10, 10-д, 8, рута 6 и рута 8)“ согласно заклучок од Седница бр.99 одржана на 10.03.2017 година

24. Информација за реализација на проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Битола“

25. Информација во врска со барањето за склучување на Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за

финансирање на „МХЕ Беличка“ со референтен број 52 на концесионерот „Водават 6“ ДОО Охрид

**в) Политички систем**

26. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија

27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

28. Предлог-закон за ратификација на Протоколот за изменување на член 56 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство

29. Информација до Владата на Република Македонија за работната дефиниција за антисемитизмот усвоена од страна на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА)

30. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, Кузмановиќ против РМ, А.бр. 72408/14

31. Информација за потпишување на дополнување на Финансиска спогодба за повеќегодишна акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016 година, ИПА/2014/037-702

32. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за билатерална проектна соработка

33. Информација за потпишување на два договори: Договор помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка и Договор помеѓу Република Македонија и Шведска за општите услови на развојната соработка

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

34. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година

35. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година

36. Информација за Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 и Стратегија за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022

37. Информација во врска со извршена проверка на законите кои не се усогласени со Законот за прекршоците

38. Информација за фузионирање на здравствени домови со општи болници во општините каде е потребно - Кочани

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

39. Предлог-одлука за едностран раскин на договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен риболов бр. 42-8254/1 од 29.09.2014 година на рекреативната зона „Акумулација Глобочица“

40. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада“, општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери- добра“ ДОО увоз - извоз Кочани

41. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги „Ба цонструцтион“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот “Краста“, Општина Сарај

42. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, транспорт, промет и услуги „Еуро-бетон“ ДООЕЛ извоз-увоз с.Град Делчево на локалитетот „Дуните“ с.Тработивиште, Општина Делчево

43. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - подземна вода на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори „Мл-гари“ ДОО експорт-импорт Скопје на локалитетот „Звинчица“ с.Гари, Општина Дебар

44. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „Универзал-с“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка на локалитетот „Крива Круша“, Општина Ранковце

45. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги „Л&Л цомпани“ ДОО Гостивар на локалитетот „с.Речане“, Општина Гостивар

46. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија „Дм-прециз“ ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци

47. Предлог-одлука за укинување на царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или други полиамиди или од полиестри

48. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село

49. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-инженеринг-Фуат“ и „Јетон“ експорт-импорт ДОО Гостивар

**б) Политички систем**

50. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан и Предлог-одлука за начинот и постапката за остварување на надоместокот за закупнина на стан

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за култура

52. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

53. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост, по скратена постапка

54. Барање за давање на автентично толкување на член 8 став 1 од Законот за денационализација, поднесено од пратеникот Јован Митрески

55. Барање за давање на автентично толкување на член 19-в став (1) а во врска со членот 22-б став (2) алинеја 13 од Законот за инспекциски надзор, поднесено од пратеникот Диме Велковски

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

56. Понуда од нотар Олга Димовска од Скопје, за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.193574 за КО Драчево 2 на КП бр.1138 на место викано Јурија 33, Н, класа 5, во вкупна површина од 1887 м2

57. Понуда од нотар Ирфан Јонузивски од Скопје, за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.108611 за Ко Центар 1 на КП бр.3541 и КП 3515 во место викано „Севастополска“

58. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2218 за КО Берово на КП бр.2677 место викано Белградска

**д) Други предлози**

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

61. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје за период 1.1. - 31.3.2017 година

62. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје за период 1.4. - 30.6.2017 година

63. Информација за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на квалитет на пијалоци при увоз во Република Македонија, со компаративен преглед на методологија на контролата на пијалоци во Република Македонија во споредба со истата во Европската Унија

64. Конечен извештај за извршената ревизија на Финансискиот извештај за проходите и расходите и ревизија на усогласеност на Коалоција за промени и правда - Трет блок (Демократски сојуз, Фродем, Демос и Моро - рп ) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Изборна кампања 2016

65. Конечен извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај на приходите и расходите и ревизија на усогласеност на Либералната партија на Македонија - Изворна кампања 2016 година

66. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештај и ревизија на усогласеност за 2016 година на Национален сојуз на слепите на Република Македонија

67. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија

68. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за период јануари - декември 2017 година

69. Информација за потребата од прекинување на постапката за измена на Планот за управување со Национален парк Галичица, со Предлог-одлука

70. Информација за АД Славија извоз-увоз Скопје, во однос на имотот со кој управува, начинот на управување, плановите поврзани со Акционерското друштво

71. Информација во врска со План за подобрување на продуктивноста на Тутунски комбинат АД Прилеп за 2018 година

72. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација на автопат Куманово - Миладиновци”

73. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Подобрување на патна врска од Градско до Прилеп преку изградба на експресен пат од Градско преку Росоман и Дреново”

74. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Демир Капија - Смоквица”

75. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за јануари 2018 година

76. Информација во врска со одржан состанок со Стопанска комора на Македонија Регионална комора Битола

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

77. Информација за можноста за стаж на национални судии/правници во ЕСЧП

78. Информација за потребата од отворање на наменска девизна сметка во Народна банка на Република Македонија заради наплата на Чинидбена гаранција за договорот за градежни работи за „Изградба и реконструкција на железничката делница Битола-Кременица како дел од кракот 10д на Коридорот 10“

79. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

80. Информација за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“

81. Информација за набавка на услуги за колокација на информатичка опрема

82. Информација со препорака да се даде предност на изградба на синхротрон со биомедицинска намена (лекување на канцер со хадронска терапија), во рамки на Меѓународниот институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии

83. Информација за одложена имплементација на наставните планови за I (прва) година на гимназиското образование, средно стручно четиригодишно образование и за средно стручно тригодишно образование од учебната 2019-2020 година

84. Информација за воведување на италијански јазик во основно и средно образование како втор странски јазик

85. Информација за информатичка опрема сместена во магацините на „ДМТШ Дени интернационал Страшко“ ДООЕЛ Скопје

86. Предлог-одлука за основање на национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“ - Скопје

87. Информација за потребата од формирање Меѓуресорска работна група задолжена за изготвување на Акционен план за воспоставување на надворешен механизам за контрола на лица со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција

88. Национална стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам, со Акциски план за имплементација и Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам, со Акциски план за имплементација

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - Информација за Стратегијата на Европската комисија за Кредибилна перспектива за проширување и зајакнат ангажман на Европската Унија со Западен Балкан, со иницијатива за воспоставување на национален координативен механизам, за следење на нејзината имплементација

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегијата на Европската комисија за Кредибилна перспектива за проширување и зајакнат ангажман на Европската Унија со Западен Балкан, со иницијатива за воспоставување на национален координативен механизам, за следење на нејзината имплементација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во соработка со назначените координатори на Носечките иницијативи, да го усогласи начинот на соработка, размена на информации и координација на:
-иницијативата за зајакнување на владеењето на правото - координатор, министер за правда, Билен Саљији;
-иницијативата за зајакнато вклучување во безбедноста и миграцијата - координатор, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски;
-иницијативата за зајакнување на поддршката на социо-економскиот развој - координатор, министер за економија, м-р Крешник Бектеши;
-иницијативата за зголемување на транспортната и енергетската поврзаност во регионот и во рамките на ЕУ - координатор, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев;
-иницијативата за Дигитална агенда за Западен Балкан - координатор, министер за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски;

-иницијативата за поддршка на помирувањето и добрososедските односи- координатор, министер за надворешни работи, м-р Никола Димитров.

2. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, да го свика првиот Конститутивен координативен состанок на координаторите на Носечките иницијативи, со Секретаријатот за европски прашања, како Секретаријат на Координативното тело, најдоцна до крајот на март 2018 година, при што ќе се конституираат составите на Носечките групи, нивниот опсег, начин на работа и информирање, за што повратно да ја информира и Владата, не подоцна од десет дена од денот на одржувањето на првиот состанок.

3. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во рамките на секторските работни групи, во текот на март 2018 година, да иницира разговори за дефинирање и предлагање на зрели проекти кои ќе може да се земат предвид при програмирањето на дополнителните средства од ИПА програмата за периодот 2018-2020 година.

4. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и министерот за надворешни работи, започнувајќи од последната недела на март 2018 година, секоја недела да доставува кус извештај до Европската Унија и нејзините институции, како и до земјите членки на Европската Унија, земјите членки на НАТО и Бугарија и Австрија како тековен и следен претседавач со Советот на Европската Унија, за напредокот во клучните реформи, како и резултатите во борбата против организираниот криминал, корупцијата, криумчарењето на луѓе, оружје и наркотици и други форми на нелегални активности.

5. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да одржува редовни двонеделни прес конференции, заедно со соодветните надлежни министри, за информирање на јавноста за напредокот и резултатите од зацртаните реформи во Планот 3-6-9 и соодветните стратешки документи, почнувајќи од последната недела на март 2018 година.

- План 3-6-9+ (статус 6.3.2018 година)

Владата го разгледа Планот 3-6-9+ (статус 6.3.2018 година), како материјал за информирање.

Истовремено, од делот 2. Реформа на безбедносните и разузнавачките служби, мерките 2.1.4 Усвојување на Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризам, со Акциски план и 2.1.5 Усвојување на Националната стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам, со Акциски план се на Дневен ред на денешната седница на Владата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за кредитно задолжување на ЈП Македонски шуми - Скопје, со Прилог-табеларен преглед на плаќањата кои се планирани со кредитното задолжување и Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја разгледа Одлуката за кредитно задолжување на ЈП „Македонски шуми“-Скопје бр.02-893/10, усвоена од Управниот одбор на ова Јавно претпријатие, на седницата одржана на 22.12.2017 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за кредитно задолжување на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - п.о. - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на Годишна сметка и финансиски извештаи на АД за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Македонија“ за 2017 година, со дополнувањето и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година на АД за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Македонија“ (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Царинската управа да ја усогласи Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Секретаријатот за законодавство и по усогласувањето, Секретаријатот за законодавство да подготви и достави Мислење за Изјавата за усогласеност со кореспондентна табела на прописот.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за

собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад со заклучок, во основот за донесување на Одлуката да се додаде бројот на „Службен весник на Република Македонија“ 21/18.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за катастар на недвижности да ги земе во предвид укажувањата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е1-комунална инфраструктура, Е2-комунална супраструктура и Д1-парковско зеленило, од јавен интерес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со заклучок Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 9.3.2018 година (петок) до Владата да достави ново мислење по материјалот во кое ќе се прецизира намената на предметното земјиште (Е1, Е2, Д1).

## Точка 8

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа), од јавен интерес, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со заклучок Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 9.3.2018 година (петок) до Владата да достави ново мислење по материјалот, во кое ќе се прецизира намената на предметното земјиште.

## Точка 9

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија - Државниот пазарен инспекторат, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите У.Бр.640/17 (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на управен одбор на Проектот - Самовработување со кредитирање и Проектот - Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за формирање на управен одбор на Проектот - Самовработување со кредитирање и Проектот - Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 12

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од склучување на договорите за купопродажба на недвижен имот со Друштвото за производство и трговија „Костал Македонија“ ДООЕЛ Охрид како купувач, со Нацрт-договори за купопродажба на недвижен имот и Предлог-одлуки, поради потребата предлагачот да го дополни текстот на материјалот со Анексот 4 на Договорот, како и поради дополнителни усогласувања и консултации по материјалот.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош, со нов модел на поефикасно искористување, со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за прибирање, користење и управување на средствата од економската помош од странство на Република Македонија (најнов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош, со нов модел на поефикасно искористување.

2. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за прибирање, користење и управување на средствата од економската помош од странство на Република Македонија, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за финансии веднаш по донесувањето на Одлуката од точка 2, да ја извести Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје да не врши пласирање на дел од средствата од Компензационите фондови во износ од шест милиони евра со оглед дека со средствата од Компензационите фондови ќе управува и Фондот за иновации и технолошки развој.

4. Се задолжува Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија и Македонската банка за поддршка на развојот, најдоцна во рок од 15 дена од влегување во сила на Одлуката од точка 2, да склучат Анекс на Договорот за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош склучен на 12.7.2012 година бр.18-26155/1 и Анекс на Договорот за пренесување на дополнително прибраните средства од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош склучен на 14.7.2014 година бр. 10-23482/1 во насока на спроведување на

пренесувањето на надлежноста за управување и располагање со дел од средствата во износ од шест милиони евра на Фондот за иновации и технолошки развој.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од пет дена од добивање на известување од Министерството за финансии дека со средства од Компензационен фонд од странска помош - Јапонија ќе управува и Фондот за иновации и технолошки развој, да испрати допис до Амбасадата на Јапонија со цел информирање за префрлањето на средствата од Компензационен фонд од странска помош - Јапонија на управување на Фондот за иновации и технолошки развој.

6. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 60 дена до Владата да достави Информација за утврдување на условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационен фонд од странска помош и Компензационен фонд од друга странска помош префрлени во надлежност на Фондот за иновации и технолошки развој.

## Точка 14

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници, Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Хилми Гаши, директор на Управата за семе и саден материјал.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Лескоец, општина Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Лескоец, Општина Охрид, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2-лесна индустрија КО Сарај, општина Сарај, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

производен комплекс со намена Г2-лесна индустрија КО Сарај, општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред, Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, имајќи го предвид новиот Имотен лист (зголемување на површината) и поради дополнително усогласување на материјалот со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за с. Мојанци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Мојанци, Општина Кочани, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за с. Мојанци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Мојанци, Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од Хотел „Солун“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел „Солун“ - Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди-супериор, со седиште на ул. Никола Вапцаров бр.10 Скопје), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел „Мола“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (Хотел Мола - Скопје, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор, со седиште на ул. Шумадиска бр. 1 Скопје), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел СУ (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со седиште на ул.Кеј Македонија бр.91А - Охрид), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Трница“ општина Студеничани и „Фабрика Кватро“ општина Куманово“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст, доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достави позитивно мислење по материјалот.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од формирање на извршно тело кое ќе има за одговорност подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да формира работна група со член и заменик член од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ, Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, Републичкиот совет за безбедност на патиштата, Градежниот факултет во Скопје, Сообраќајниот факултет во Битола, Канцеларијата на Светска банка во Скопје, Авто мото сојузот (АМС), Институтот за јавно здравје, која во рок од шест месеци ќе достави конкретен предлог до Владата за формирање на извршно тело за управување со безбедноста на сообраќајот со систематизација, буџет, модел за финансирање и законски измени.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди посебен софтвер (програма) за внесување и процесирање на податоците за сообраќајните незгоди, согласно насоките дадени од консултантите, со посебен акцент на поврзување на базата на податоци со осигурителните компании и Националното биро за осигурување и во рок од три месеци да ја информира Владата.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го ажурира прашалникот за сообраќајна незгода со прифаќање на стандардите на Европската Унија со воведување на CADAS протоколот (Common Accident Data Set т.е. заеднички сет на податоци за сообраќајна незгода), почнувајќи прво со снимање на видот на сообраќајната незгода, локацијата на сообраќајна незгодата (GPS координати на локацијата на сообраќајната незгода), влијателните фактори и маневрирањата на учесниците во сообраќајната незгода и во рок од три месеци да ја информира Владата.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од шест месеци да направи детален план за подобрување на инфраструктурната безбедност на мрежата, согласно EURORAP методологијата и препораките од снимените патишта во рамките на проектот „Изработка на студија и акционен план за подобрување на безбедноста на патиштата долж сеопфатната CEETO мрежа“ и снимањата во рамките на тековниот IRAP проект финансиран од Светска банка со конкретни активности, финансиски средства

потребни за реализација на тие активности и конкретни рокови и во рок од шест месеци да ја информира Владата.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да вршат меѓусебна размена на информации со преземање на сите податоци за сообраќајната незгода, со исклучок на податоци кои се забранети, согласно Законот за заштита на личните податоци (лични податоци на учесниците во сообраќајната незгода) и за ова во рок од три месеци Министерството за внатрешни работи да ја информира Владата.

6. Се задолжува Министерството за здравство да го имплементира проектот за класификација и снимање на податоци за повредените во сообраќајна незгода, преку прифаќање на методологијата и класификација MAIS (Maximum Abbreviated Injury Sistem), согласно насоките дадени од страна на консултантите и во рок од шест месеци да ја информира Владата

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Битола“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави ИПА апликацијата за проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Битола” до Секретаријатот за европски прашања со барање истата да се достави до Делегација на Европската Унија во Република Македонија, со цел нејзино препраќање до Европската комисија во Брисел.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, да ја достави ИПА апликацијата за проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Битола” до Делегација на Европската Унија во Република Македонија, со цел нејзино доставување и одобрување од Европската комисија во Брисел.

3. Се препорачува на Општина Битола да ги преземе сите потребни мерки и активности за издавање на одобрение за градба и експропријација на земјиштето пред објавувањето на тендерските постапки за избор на изведувач за ивестицискиот проект најдоцна до 31.3.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно да не доставува информација до Владата за проектот „Изработка на студии (Физибилити студија, Студија за влијанијата врз животната средина, Анализа на придобивките и трошоците) дизајн и тендерска документација за инвестициски проекти за подобрување на инфраструктурата за собирање и третман на отпадните води во општините Струмица, Битола и Тетово”, со оглед на тоа што истиот е завршен.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето за склучување на директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе банка Македонија АД Скопје за финансирање на МХЕ Беличка со референтен број 52 на концесионерот Водават 6 ДОО Охрид, ја усвои Информацијата и го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи директен договор со Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот согласно Договорот за концесија.

**Точка 26**

Владата на предлог на Билен Саљији, министер за правда го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 27**

Владата на предлог на Билен Саљији, министер за правда го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Протоколот за изменување на член 56 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Светлана Глигоровска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за работната дефиниција за антисемитизмот усвоена од страна на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Работната дефиниција за антисемитизмот донесена од страна на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот на 26 мај 2016 година, која гласи:

„Антисемитизмот е определена перцепција за Евреите, која може да се изрази како омраза кон Евреите. Реторичките и физичките манифестации на антисемитизмот се насочени кон

Евреи или не-Евреи и/или нивниот имот, кон институции на Еврејската заедница и верски објекти“.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, до крајот на оваа недела, да ги информира сите органи на државната управа и сите институции кои немаат статус на орган на државна управа, да ја земат предвид прифатената Работна дефиниција за антисемитизмот, во случај на укажана потреба од нејзина примена, односно користење во вршењето на работите од нивна надлежност.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, до крајот на оваа недела, да го информира Европскиот парламент и Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА), дека Владата на Република Македонија ја прифатила Работната дефиниција за антисемитизмот.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Кузмановиќ против Република Македонија А.бр. 72408/14 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Кузмановиќ против Република Македонија, А.бр. 72408/14.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантот Часлав Кузмановиќ, во случајот Кузмановиќ против Република Македонија, А.бр.72408/14 ќе му исплати износ од 1.160 EUR (илјада и сто шеесет евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во случај апликантот во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Кузмановиќ против Република Македонија, А.бр. 72408/14 да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на дополнување на Финансиска спогодба за повеќегодишна Акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016 година, ИПА/2014/037-702, со текст на Дополнување на Финансиската спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија за повеќегодишната акциска програма за Република Македонија за животна средина и транспорт и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Дополнувањето на Финансиската спогодба за повеќегодишна акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016 година, ИПА/2014/037-702.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Дополнувањето на Финансиската спогодба за повеќегодишна акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016 година, ИПА/2014/037-702.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да ги обезбеди средствата за покривање на трошоците кои не може да се финансираат од ИПА средствата во согласност со регулативата за спроведување на ИПА за Акција 1, 2 и 3, како и средсвата за национално кофинансирање за Акција 3.1 од Повеќегодишната акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016, во рамките на својот годишен буџет во согласност со планираната динамика на спроведување на проектите.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, да ги обезбеди средствата за покривање на трошоците кои не може да се финансираат од ИПА средствата во согласност со регулативата за спроведување на ИПА за Акција 4 и 5 од Повеќегодишната акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016, во рамките на својот годишен буџет во согласност со планираната динамика на спроведување на проектите.

5. Се задолжува Министерството за финансии, да го предвиди потребниот износ на задолжително национално кофинансирање на проектите кои ќе се спроведуваат во рамките на Дополнувањето на Финансиската спогодба за повеќегодишна акциска програма за Република Македонија за животна средина и климатски акции и транспорт за 2014-2016 година, ИПА/2014/037-702, кои се спроведуваат под индиректно управување од страна на Република Македонија, во рамките на годишните буџети на Министерство за финансии - Функции на држава, во согласност со планираната динамика на спроведување на проектите.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање, помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, за билатерална проектна соработка, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање, помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за билатерална проектна соработка.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за

европски прашања и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за билатерална проектна соработка.

3. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и Секретаријатот за европски прашања веднаш да иницираат дијалог со амбасадата на Кралството Норвешка во Белград, во насока на прецизирање на опфатот на повикот за проектни предлози, односно формулирање на повикот за проектни предлози кој ќе биде објавен од амбасадата на Кралството Норвешка во Белград, а ќе може да аплицираат корисници од Република Македонија.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги преземе потребните активности за затворање на двата проекти финансирани во рамките на билатералната проектна соработка со Кралството Норвешка, со наслов МАК-12/0012 Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Македонија и МАК-12/0013 Имплементација на Шема за тргување со емисии на ЕУ-ЕУ ЕТС, согласно одредбите за известување од Грант договорите за истите проекти и во рок од 15 дена да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за преземените активности и да ја достави комплетната документација за затворање на проектите, со цел Секретаријатот за европски прашања документите да ги проследи до Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

5. Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе потребните активности за затворање на проектот МАК-14/0009 Поддршка на регионалниот центар за односи со јавност, финансиран во рамките на билатералната проектна соработка со Кралството Норвешка, согласно одредбите за известување од Грант договорот за истиот проект и во рок од 15 дена да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за преземените активности и да ја достави комплетната документација за затворање на проектот, со цел Секретаријатот за европски прашања документите да ги проследи до Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

6. Се задолжуваат Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање и Државниот завод за индустриска сопственост да ги преземат потребните активности за затворање на соодветните проекти финансирани во рамките на билатералната проектна соработка со Кралството Норвешка согласно одредбите за известување од Грант договорот за соодветниот проект и во рок од 15 дена да достават информација до Секретаријатот за европски прашања за преземените активности и да ја достават комплетната документација за затворање на проектите, со цел Секретаријатот за европски прашања документите да ги проследи до Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

7. Се укажува на Државниот завод за ревизија, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Централниот регистар на Република Македонија да ги преземат потребните активности за затворање на соодветните проекти финансирани во рамките на билатералната проектна соработка со Кралството Норвешка согласно одредбите за известување од Грант договорот за соодветниот проект и во рок од 15 дена да доставаат информација до Секретаријатот за европски прашања за преземените активности и да ја доставаат комплетната документација за затворање на проектите, со цел Секретаријатот за европски прашања документите да ги проследи до Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-заклучокот бр. 9 да биде содржан во Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање, помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за билатерална проектна соработка.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на два договори: Договор помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка и Договор помеѓу Република Македонија и Шведска за општите услови на развојната соработка, со усогласен текст на договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Македонија и Шведска за општите услови на развојната соработка.

3. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка, при посетата од генералниот директор на СИДА на Република Македонија, на 12 март 2018 година.

4. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Македонија и Шведска за општите услови на развојната соработка, при посетата од генералниот директор на СИДА на Република Македонија, на 12 март 2018 година.

5. Се задолжуваат д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до март 2018 година, да иницираат дијалог со овластени претставници од Кралството Шведска, во насока на прецизирање на проектната поддршка во приоритетните области утврдени со Договорот помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка и за резултатите од дијалогот да ја информираат Владата во текот на мај 2018 година.

Истовремено, Владата заклучи Секретаријатот за европски прашања, во наредната фаза, при подготовка на Анекс-договорот помеѓу Република Македонија и Шведска, претставувана од СИДА за развојна соработка и Анекс-договорот помеѓу Република Македонија и Шведска, за општите услови на развојната соработка, да се усогласи со Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 34

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за труд и социјална политика да изврши дополнително усогласување на материјалот.

**Точка 35**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања по истата.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година, со Стратегија за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои најновиот текст на Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година, како оперативен стратешки документ.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за финансиска полиција, Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи, Државниот инспекторат за труд, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и Царинската управа, а им се укажува на Народната банка на Република Македонија и Заедницата на единиците на локална самоуправа, во рок од 10 дена до Министерството за труд и социјална политика да доставaт номинација на претставник во Координативното тело одговорно за координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 10 дена по доставување на номинациите од институциите за Координативното тело одговорно за координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за формирање на Координативно тело одговорно за координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година.

4. Се задолжува Координативното тело одговорно за координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата за формализирање на неформалната економија во Република Македонија, 2018-2022 година, до јули 2018 година да подготви и до Владата да достави акциски план за формализирање на неформалната економија во Република Македонија.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика да ги има предвид препораките содржани во Мислењето на Народната банка на Република Македонија.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршена проверка на законите кои не се усогласени со Законот за прекршоците, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство во рок од 60 дена да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, во насока на нивно усогласување со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.211/16).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за фузионирање на здравствени домови со општи болници во општините каде е потребно-Кочани, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство врз основа на член 58 став 2 и член 68 став 2 од Законот за здравствената заштита да подготви и во рок од две недели до Владата да достави Предлог-одлука за спојување на ЈЗУ Здравствен дом Кочани со ЈЗУ Општа болница Кочани во ЈЗУ Општа болница Кочани со проширена дејност, во која ќе се врши здравствената дејност и ќе се пружаат здравствените услуги на ЈЗУ Здравствен дом Кочани и ЈЗУ Општа болница Кочани, кои се спојуваат.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за еднострам раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен риболов со бр. 42-8254/1 од 29.9.2014 година на рекреативната зона „Акумулација Глобочица" (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада", Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги Оранжери-Добра ДОО увоз - извоз Кочани.

**Точка 41**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги Ба цонструцтион ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Краста", Општина Сарај.

**Точка 42**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, транспорт, промет и услуги „Еуро-Бетон" ДООЕЛ извоз-увоз с.Град Делчево на локалитетот „Дуните" с.Тработивиште, Општина Делчево за наредната седница на Владата

## Точка 43

Владата, на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - подземна вода на Друштвото за производство и трговија на друга флаширана вода од извори „Мл-Гари“ ДОО експорт-импорт Скопје на локалитетот „Звинчица“, с.Гари, Општина Дебар, за наредната седница на Владата.

## Точка 44

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „Универзал-С“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка на локалитетот „Крива Круша“, Општина Ранковце, за наредната седница на Владата.

## Точка 45

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги „Л&Л Цомпани“ ДОО Гостивар на локалитетот „с.Речане“, Општина Гостивар, за наредната седница на Владата.

## Точка 46

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија „ДМ-Прециз“ ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци за наредната седница на Владата

## Точка 47

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за укинување на царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри и имајќи предвид дека се работи за продолжување на автономна мерка ја донесе Одлуката за укинување на царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри, во предложениот текст.

Исто така, Владата го задолжи Министерството за економија да ја следи реализацијата/ефектот од мерката и до крајот на тековната година да ја информира Владата дали најавените активности се реализираат (во однос на инвестиции и вработувања).

Истовремено, Владата го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија и Министерството за финансии, да согледаат начин за проценка на фискални импликации од реализацијата на оваа и слични мерки.

## Точка 48

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар и злато на Друштвото за производство, промет и услуги „Еуромакс ресоурцес“ ДОО Скопје на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-инженеринг-Фуат“ и „Јетон“ експорт-импорт ДОО Гостивар, откако истата претходно ќе се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за заштита на културното наследство и Општина Гостивар, да достават мислења по Предлог-одлуката.

## Точка 50

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за начинот и постапката за остварување на надоместокот за закупнина на стан и Предлог -одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан, поради потребата од дополнителни усогласувања во врска со ова прашање помеѓу Генералниот секретаријат на Владата, Секретаријатот за законодавство и Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за култура (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост, по скратена постапка, поднесен од пратениците Јован Митрески, Реџаил Исмаили, Диме Велковски и Сашко Костов и дава позитивно мислење по предложениот закон.

## Точка 54

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 8 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/1998,

31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 55/2013, 104/2013, 33/2015, 104/2015 и 161/2017), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следново мислење:
Од текстот и содржината на Барањето произлегува дека пратеникот бара Собранието на Република Македонија да даде автентично толкување на член 7 став (1) од Законот за денационализација, односно член 8 став (1) од пречистениот текст на Законот за денационализација, во насока на тоа дали за одземен имот кој согласно став (1) на овој член не е предмет на денационализација, треба да е определен надоместокот, или да се обезбедат средства со налог за плаќање или треба да биде платен надоместокот, како и кој доказ е релевантен за платен надоместок (чек, записник, каса-прими и др.), а на што имено упатува и Управниот суд во своите пресуди, односно да се разграничи дали за предметните имоти надоместокот е определен или надоместокот е платен.

Владата на Република Македонија како предлагач на Законот за денационализација ја поздравува иницијативата, односно Барањето за давање на автентично толкување на член 7 став (1) од Законот за денационализација и воедно укажува на следново:
Според одредбите од член 7 став (1) од Законот за денационализација, предмет на денационализација не е одземен имот за кој е платен, односно даден надомест.

По исклучок од став (1) на овој член, ако одземениот имот за кој е даден надомест постои, имотот може да се врати при што барателот е должен да врати надомест во износ, на начин и постапка утврдени со прописот на Владата на Република Македонија од член 37 став 2 на овој закон.

Досегашното искуство во одлучувањето по поднесените барања за денационализација покажа дека погоре означената законска одредба треба да се толкува така што од денационализација треба да се изземе имотот за кој надоместот е платен, односно даден, како и имотот за кој надоместокот е определен и исплатен во постапка и начин согласно тогашните прописи, а тоа најчесто биле спогодбата како извршна исправа и правосилната судска одлука.

Имено, определувањето на надоместот за експроприран имот со спогодба или со судска одлука е предвиден уште во 1968 година со Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација („Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/68).

До тогаш според Законот за експропријација донесен во 1957 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 12/57), надоместот го определувала посебна комисија со посебно решение, со можност за странките, ако не се задоволни, да побараат судот да го утврди надоместот.
Само според основниот Закон за експропријација донесен во 1947 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 28/47), надоместокот се определувал во самото решение за експропријација. Кога надоместот е определен со спогодба тогаш доаѓа до израз и волјата на поранешниот сопственик, како и со правосилна судска одлука. Ова, затоа што, ако во определениот рок не му биде платен надоместот, поранешниот сопственик може исплатата на надоместот да ја оствари во извршна постапка која може да биде поведена само на негово барање. Значи, во овие случаи плаќањето на надоместот зависи од волјата на поранешниот сопственик и од неговата грижа за остварување на исплатата на оствареното право на надомест за експроприраниот имот. Ако тој заборавил на тоа свое право и го изгубил правото на исплата поради застареност, затоа што дозволил да поминат 10 години од правосилноста на

судската одлука, односно од спогодбата, се поставува прашањето треба ли сега во постапката за денационализација да го наплатува надоместот. Ваквите случаи немаат ништо заедничко со постапката за денационализација.
При заземањето став дека предмет на денационализација не треба да бидат одземените имоти за кои надоместот е определен со спогодба или со правосилна судска одлука треба да се има предвид и следново:

- надоместот за експроприраниот имот секогаш (и сега и според поранешните закони за експропријација) го плаќа корисникот на експропријацијата, така што и спогодбата за надоместот се склучува помеѓу поранешниот сопственик и корисникот на експропријацијата, а со правосилната судска одлука со надоместот е задолжен корисникот на експропријацијата и

- корисници на експропријацијата сега, а и според поранешните закони за експропријација се субјектите за чии потреби се врши експропријацијата, меѓу кои порано биле претпријатијата, организациите на здружен труд и други правни лица, па кое би било оправдувањето Републиката од буџетските средства да плаќа надомест кој врз основа на спогодба или правосилна судска одлука требал да го плати корисникот на експропријацијата.

Помеѓу другото, во однос на чековите како доказ за платен надоместок, се истакнува дека, согласно одредбите од Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивско работење („Службен весник на Република Македонија“, бр. 60/77), налозите и чековите за исплата не се материјали-документи од трајна вредност и по истекот на утврдениот рок од пет години, субјектот кој ги издал нема обврска истите да ги чува.

Согласно ова, како и цитираните одредби од Законот за денационализација, се смета дека под платен надомест не само кога станува збор за експропријација треба да се смета и определениот надомест со правосилни решенија кои имале сила на извршен наслов, односно кога поранешните сопственици на имотот стигнале до постапка на извршување која од нивна негрижа тие не го реализирале своето право на надомест за кое имале правен основ и законска можност тоа да го сторат.

Поради тоа, сметаме дека погореозначената законска одредба треба да се толкува така што предмет на денационализација не е одземен имот за кој надоместот е платен, односно даден врз основа на спогодба како извршна исправа, правосилна судска одлука, како и правосилни решенија за определен надомест, кои имале сила на извршен наслов.

При ваква состојба, имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го прифати Барањето поднесено од пратеникот Јован Митрески и врз основа на член 68 став (1) алинеја 2 од Уставот на Република Македонија да даде автентично толкување на член 7 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 55/2013, 104/2013, 33/2015, 104/2015 и 161/2017).

## Точка 55

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 19-в став (1) а во врска со членот 22-б став (2) алинеја 13 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16) поднесено од пратеникот Диме Велковски и притоа го утврди следново мислење:
Одредбата на членот 19-в став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16 и 11/18), гласи: Испитот за инспектор се полага заради проверка на стручната оспособеност на кандидатите за самостојно вршење на инспекциски надзор, како и познавање и примена на прописите од делокругот на работа на инспекциската служба.

„Инспекторите кои засновале редовен работен однос пред денот на отпочнувањето на примената на член 18 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.147/13), а не го исполнуваат условот да имаат најмалку пет години работен стаж во соодветната област на инспекциската служба по дипломирањето, може да се стекнат со привремена лиценца за инспектор без полагање на испит за инспектор, со која можат да вршат инспекциски надзор, а треба да се стекнат со лиценца во рок од една година од исполнувањето на овој услов.“

Аналогно на изнесеното, секој кој конкурирал и бил примен на работно место помлад инспектор, по исполнувањето на општите и посебните услови за тоа работно место има обврска да полага и да се стекне со лиценца за инспектор, со што ќе може самостојно да врши инспекциски надзор.

Согласно член 19 од Законот за инспекциски надзор
(1) За стекнување на лиценца за инспектор од соодветната област на инспекциската служба (во натамошниот текст: лиценца за инспектор), кандидатот полага испит за инспектор.
(2)Услов за полагање на испит за инспектор е кандидатот да има најмалку пет години работен стаж во соодветната област на инспекциската служба по дипломирање.
(3)Испитот се спроведува согласно со програмата за испит за инспектор, што по предлог на директорот на инспекторатот, односно раководното лице на инспекциската служба, ја донесува Инспекцискиот совет.
(4)Испитот се спроведува најмалку три пати во текот на една календарска година за секоја област на инспекциските служби.
(5)Испитот за инспектор го спроведува и лиценцата за инспектор ја издава Инспекцискиот совет.
(6)Лиценцата од ставот (1) на овој член има важност од шест години.
(7)Пред истекот на важноста на лиценцата инспекторот повторно полага испит за инспектор.
(8)Испитот од ставот (7) на овој член инспекторот го полага во текот на последната година од важноста на постојната лиценца.
(9)Испитот од ставот (7) на овој член инспекторот има право да го полага три пати, а најдоцна до истекот на важноста на постојната лиценца.
(10) Доколку инспекторот не го положи испитот за инспектор во третиот обид и истече важноста на постојната лиценца му престанува работниот однос.

(11) Инспекцискиот совет ќе определи одговорно лице од редот на вработените во советот кое ќе врши проверка дали пријавените кандидати за полагање на испитот го исполнуваат условот од ставот (2) на овој член.
(12) Доколку кандидатот не го исполнува условот од ставот (2) на овој член, одговорното лице ќе донесе решение со кое му го одбива барањето за полагање, против кое незадоволниот кандидат може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена на приемот на решението.

Нивоа на работни места на инспектори од категоријата В - инспектори Член 22-б
(1) Во рамките на категорија В - инспектори се утврдуваат следниве нивоа на работни места на инспектори:
- В1 - инспектор од прво ниво,
- В2 - инспектор од второ ниво,
- В3 - инспектор од трето ниво и
- В4 - инспектор од четврто ниво.

(2) Инспектор од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:
- стручни квалификации за сите нивоа
- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- работно искуство и тоа за:
- нивото В1 најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2,
- нивото В2 најмалку две години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една година на работно В3,
- нивото В3 најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба или
- нивото В4 со или без работно искуство,
- општи работни компетенции за сите нивоа - категорија В, согласно со Рамката на општи работни компетенции,
- посебни работни компетенции: за сите нивоа да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:
- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core - положен,
- за сите нивоа да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет и
- за нивоата В1, В2 и В3 да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

Последната алинеа 13 од членот 22-б став (2) се однесува само за ниво В1, В2 и В3, бидејќи тие согласно нивото на работното место мора да поседуваат лиценца за инспектор, додека пак за нивото В4 стекнувањето на лиценца за инспектор е условно врзана со стекнување на потребни општи и посебни услови за работното место помлад инспектор.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на овој член од Законот бидејќи одредбата е јасна и прецизна.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 193574 за КО Драчево 2 на КП бр. 1138 на место викано Јурија 33, Н, класа 5 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 108611 за КО Центар 1 на КП бр. 3514 и КП бр. 3515 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2218 за КО Берово на КП бр. 2677 и притоа заклучи доколку Министерството за транспорт и врски по добивање на потребните документи наведени во Известувањето даде негативно мислење по Понудата, во тој случај Владата да не ја прифати Понудата и заедно со Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги достави до нотарот.

Доколку Министерството за транспорт и врски достави мислење различно од Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, точката поворно да се разгледа на седница на Влада, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата.

## Точка 59

1. Владата го именува Сеад Садикоски, досегашен в.д. директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа орган во состав на Министертсвото за локална самоуправа, за директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа орган во состав на Министертсвото за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Светислав Ѓорѓевиќ досегашен в.д. директор на Дирекцијата за радијациона сигурност, за директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Роберт Бекироски досегашен в.д. директор на Агенцијата за лекови и медицински средства, за директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Игор Трајановски досегашен в.д. заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за

заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Фатон Асани досегашен в.д. директор на Агенцијата за управување со одземен имот, за директор на Агенцијата за управување со одземен имот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Премтим Исени досегашен в.д. претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, за претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата ја именува Ристе Недески досегашен в.д. директор на на КПУ Затвор Охрид, за директор на КПУ Затвор Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата ја разреши Билјана Зефиќ од должноста в.д. директор на Управата за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

8.1. Владата го именува Џезми Салиу за директор на Управата за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Зирап Адеми досегашен в.д. заменик на директорот на Државниот завод за статистика, за заменик на директорот на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го именува Науаф Баара досегашен в.д. директор на Геолошкиот завод на Република Македонија, за директор Геолошкиот завод на Република Македонија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го именува Илхан Рахман досегашен в.д. директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, за директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го именува Елвин Хасан досегашен в.д. директор на Државниот испитен центар, за заменик на директорот на Државниот испитен центар.

13. Владата го именува Мартин Костовски досегашен в.д. директор на ЈП Службен весник на Република Македонија, за директор на ЈП Службен весник на Република Македонија.

14. Владата го разреши Бајрам Берат од должноста в.д. заменик- координатор на Националниот координативен центар за гранично управување.

14.1. Владата го именува Дејан Ампев за в.д. заменик- координатор на Националниот координативен центар за гранично управување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го разреши Дејан Ампев од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

16. Владата го разреши Борче Цветков од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат” - Скопје, на негово барање.

16.1. Владата ја именува Живка Иванова за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат” - Скопје.

17. Владата го разреши Владимир Гиноски од должноста в.д. член на Инспекцискиот совет од областа на земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна, на негово барање.
18. Владата ја разреши Весна Каракашовска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Пехчево, на нејзино барање.

18.1. Владата ја именува Милка Кацарска за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Пехчево.

19. Владата го именува Александар Петковски за член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди.

20. Владата го разреши Зоран Анѓеловски, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, на негово барање.

21. Владата на Ѓорги Георгиевски, разрешен од должноста в.д. директор на Бирото за јавни набавки му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за периодот од 27.2.2018 година до 27.8.2018 година.
22. Владата на Неџмедин Садику разрешен од должноста директор на Државниот испитен центар му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за периодот од 20.2.2018 година до 20.8.2018 година..

23. Владата го отповика Ангел Папеш од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М - НАВ).

23.1. Владата го избра Лазар Ѓорѓевски за член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопстеност за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М - НАВ).

24.Владата го именува Кристијан Јовановски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје.

25. Владата го именува Бобан Бојковски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје.

26. Владата го именува Никола Тауков за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Универзитетска клиника за дигестивна хирургија-Скопје.

27. Владата го именува Ќирчо Иванов за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје.

28.Владата ја именува Слаѓана Краљевска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом- Кратово.

29. Владата ја именува Емилија Ристовска Ангелова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом- Виница.

30. Владата ја именува Соња Мартинова, за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом- Велес.

31. Владата ја именува Кики Цветкоска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом- Крушево.

32. Владата го именува Дарко Смилевски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Железара-Скопје.

33. Владата го именува Виктор Талески за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје- Прилеп.

34. Владата ја именува Ленче Јолакоска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје- Охрид.

35. Владата го именува Миодраг Петрушевски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница „Куманово“- Куманово.

36. Владата го именува Армин Незироски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница-Дебар.

37. Владата ја именува Катерина Лазороска-Јанческа за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница- Охрид.

## Точка 60

1. Владата по повод Информацијата за комеморативни настани за одбележување на седумдесет и пет годишнината од депортацијата на Евреите од територијата на Република Македонија, под покровителство на претседателот на Владата на Република Македонија ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува составот на делегациите кои ќе полагаат свежо цвеќе и венци на 11.3.2018 година на еврејските гробишта и тоа:

во Штип:
- д-р Венко Филипче, министер за здравство со други членови на делегацијата што тој ќе ги определи.

во Битола:
- м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура;
- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски

со други членови на делегацијата што тие ќе ги определат.

и во Скопје:
- Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции со други членови на делегацијата што таа ќе ги определи.

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни мерки/активности за обезбедување на настаните, со посебно внимание за настаните во Битола и во Скопје, поради потенцијално поголемата бројка на „ВИП“ гости и учесници.

3) Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги преземе сите потребни мерки/активности за протоколарна организација на настаните, а посебно на комеморативната вечер во Македонската филхармонија на 11.3.2018 година и одбележувањето на настанот во бившиот „Монопол“ во Скопје на 12.3.2018 година.

4) Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе сите потребни мерки/активности за да обезбеди гардисти за полагање на венци од страна на „ВИП“ гости и странски делегации во бившиот „Монопол“ во Скопје на 12.3.2018 година.

5) Се задолжува Министерството за култура да ги преземе сите потребни мерки и активности за одржување на Комеморативната вечер во Македонската филхармонија.

6) Се задолжува Министерството за образование и наука да ги информира сите средни училишта на територијата на Град Скопје, како би можеле да земат учество во „Маршот на живите“ на 12.3.2018 година, од Старата железничка станица во Скопје до бившиот „Монопол“ во Скопје.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ги преземе сите потребни мерки и активности за обезбедување венци и свежо цвеќе за полагање на 11.3.2018 година во Штип, Битола и Скопје, како и венци и свежо цвеќе во Скопје на 12.3.2018 година и потпирачи за положување на венци пред бившиот „Монопол“ во Скопје.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ги преземе сите потребни мерки и активности за организација на коктел за 300 лица по завршувањето на Комеморативната вечер на 11.3.2018 година во Македонската филхармонија и коктел за 300 лица по завршувањето на Комеморативната седница во Собранието на Република Македонија (Кристална сала).

Коктелот треба да биде подготвен во стил на „кошер“ (т.е. во храната да нема свинско и морски плодови, да нема послужено месо и млечни производи на иста чинија и од пијалоци да има вода, сокови и црно и бело вино).

2. Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Православен богословски факултет „Св.Климент Охридски“ Скопје.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето од Министерството за труд и социјална политика по однос на задолжениеото да достави Предлог-закон за изменување и

дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања, доставено врз основа на Заклучокот од Точка 97 од 50-та седница на Владата, одржана на 23.1.2018 година.

4. Владата по остварената средба на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, со претставниците од синдикатот на АД 11-ти Октомври „Еурокомпозит" Прилеп, во државна сопственост како и претставници на синдикатот на индустрија, енергетика и рударство, а со цел надминување на негативните состојби во Друштвото, констатираше и ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши продолжување на Договорот, склучен со АД 11-ти Октомври „Еурокомпозит" Прилеп, во државна сопственост, за изработка на производи, наменети за потребите на Министерството.
2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја разгледа и прифати програмата на раководството на АД 11-ти Октомври „Еурокомпозит" Прилеп, во државна сопственост, поврзана со продолжување на Договорот за изработка на производи, наменети за потребите на Министерството.

3) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши репрограмирање на исполнување на обврските кон АД 11-ти Октомври „Еурокомпозит" Прилеп, во државна сопственост, како и да изврши авансна исплата на обврските предвидени со Договорот за изработка на производи, наменети за потребите на Министерството.

4) Да се обезбедат финансиски средства во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, со цел изработка на длабинска анализа (due diligence) на состојбите во АД 11-ти Октомври „Еурокомпозит" Прилеп, во државна сопственост и за спроведување на постапка за избор на консултантска куќа која ќе ја подготви потребната анализа.

5) Владата ќе преземе мерки и ќе разгледа можни решенија за изработка на стратегија и план на активности за системско решавање на состојбите во Друштвото за период од шест месеци, со цел конечно решавање на проблемите наталожени во изминатите години.

5. Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски, им укажа на сите министри, во координација со нивните сектори/служби задолжени за финансиски прашања, тековно да ја следат и да ја интензивираат реализацијата на неплатените обврски за кои во нивните буџети се предвидени средства, како и да ги преземат сите потребни активности во врска со започнување со реализација на предвидените капитални инвестиции, имајќи го предвид влијанието на истите врз Буџетот на Република Македонија и врз економскиот раст и истекот на првиот квартал од 2018 година.

6. Владата заклучи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ја запре постапката за продажба на патничкото моторно возило, марка: Мерцедес Бенц, тип: S600, со регистарска ознака: SK2936AC, до завршувањето на судскиот спор, односно до правосилност на судската пресуда, во кој може да се појави потребата истиот да биде доказен материјал.

7. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 26.2.2018 година до 4.3.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи

да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

8. По повод укажувањето на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, а во врска со проектите (сообраќајни и други) кои се блокирани поради несоодветна законска регулатива и слично, Владата заклучи да го задолжи Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Заедницата на единиците на локалната самоуправа да одржат работен состанок, со цел изнаоѓање на решение за надминување на овој проблем, како и да се провери начинот на кој се издадени одобренија за градба на истите.

9. Владата на предлог на Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија формира Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година) во следниот состав:

- Претседателот на Владата на Република Македонија како претседател на Советот;
- За членови на Советот по функција: министер за правда, заменик на министерот за правда, јавен обвинител на Република Македонија, специјален јавен обвинител на Република Македонија, народен правобранител на Република Македонија и претседател на Здружение на судиите на Република Македонија;
- За членови на Советот кои се претставници од други институции: претставник од Врховен суд на Република Македонија, претставник од Апелационен суд Скопје, претставник од Апелационен суд Гостивар, претставник од Основно јавно обвинителство - Битола, претставник од Основно јавно обвинителство - Штип, претставник од Основен суд Скопје 1 - Скопје, претставник од Основен суд Скопје 2 - Скопје, претставник од Адвокатска комора на Република Македонија, д-р Гордана Лазетиќ, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, д-р Беса Арифи, вонреден професор на Правен факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа и претставник од Блупринт групата на граѓански организации за правосудство.

Исто така, на седниците на Советот да присуствуваат и ќе ја следат работата: д-р Миодраг Лабовиќ, редовен професор на Факултет за безбедност - Скопје при Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола, Звонко Давидовиќ, адвокат од Скопје, Ибраим Бајрами, адвокат од Тетово, претставник од Министерството за внатрешни работи и претставник од Министерството за финансии.

Согласно ова, потребно е да се подготви соодветен акт, кој се смета за донесен на оваа седница на Владата.

10. По повод одржувањето на заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово, Владата заклучи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, да биде координатор на активностите во врска со оваа заедничка седница.

**Точка 61**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје за период од 1.1 до 31.3.2017 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски се укажува на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје да ги намали фиксните и варијабилните трошоци.

**Точка 62**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје за период од 1.4 до 30.6.2017 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски се укажува на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје да ги намали фиксните и варијабилните трошоци.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на квалитет на пијалоци при увоз во Република Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да достави Компаративен преглед на Методологијата на контролата на пијалоците во Македонија во споредба со истата во Европската Унија.

**Точка 64**

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен резвизор за извршена ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите и ревизија на усогласеност на Коалиција за промени и правда - Трет блок (Демократски сојуз, Фродем, Демос и Моро - Рп) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија - Изборна кампања 2016, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Конечениот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај на приходите и расходите и ревизија на усогласеност на Либералната партија на Македонија - Изборна кампања 2016, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува Националниот сојуз на слепите на Република Македонија да подготви и да достави до Владата акциски план за имплементација на дадените препораки, а надлежните министерства (Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии) да обезбедат редовен надзор над работењето.

**Точка 67**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов, за период јули - декември 2017 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Информацијата за потребата од прекинување на постапката за измена на Планот за управување со Национален парк Галичица, согласно препораките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за АД Славија извоз-увоз Скопје, во однос на имотот со кој управува, начинот на управување, плановите поврзани со Акционерското друштво и друго (нов текст), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот, да подготви и во рок од две недели до Владата да достави информација за целокупниот имот со кој управува АД Славија извоз-увоз Скопје (начинот на управување, како се издава имотот, на кого, под кои услови, по која цена, колку средства се остварени од приходи), со цел подобро запознавање на Владата во врска со ова прашање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со План за подобрување на продуктивноста на Тутунски Комбинат АД Прилеп за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација на автопат Куманово - Миладиновци" во должина од 23 км, како материјал за информирање.

## Точка 73

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Подобрување на патна врска од Градско до Прилеп, преку изградба на експресен пат од Градско, преку Росоман и Дреново”, како материјал за информирање.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Демир Капија - Смоквица ” во должина од 28,2 км, како материјал за информирање.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за јануари 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржаниот состанок со Стопанската комора на Македонија - Регионална комора Битола, како материјал за информирање.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за стаж на национални судии/правници во Европскиот суд за човекови права и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Судскиот совет на Република Македонија, да спроведе постапка со објавување јавен оглас, за упатување на еден судија на континуирано доусовршување и обука во Европскиот суд за човекови права во 2018 година, за период од една година.

2. Се задолжува Министерството за финансии во Судскиот буџет за 2018 година или 2019 година да обезбеди средства во износ од 2.417.000,00 денари за реализација на активноста предвидена во точка 1 од овие заклучоци.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од отворање на наменска девизна сметка во Народна банка на Република Македонија заради наплата на Чинидбена гаранција за договорот за градежни работи за „Изградба и реконструкција на железничката делница Битола - Кременица, како дел од кракот 10д на Коридорот 10“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, сектор за централно финансирање и склучување на договори, во рок од три работни дена, да испрати барање до Народната банка на Република Македонија за отворање на посебна наменска сметка.

2. Се задолжува Министерството за финансии, сектор за централно финансирање и склучување на договори по добиено Известување од Народната банка на Република Македонија, средствата од наплатената Чинидбена гаранција да ги депонира на посебната наменска сметка во Народната банка на Република Македонија, се до завршување на спорот со изведувачот.

3. Се задолжува Министерството за финансии, сектор за централно финансирање и склучување на договори по завршување на спорот со изведувачот да ја информира Владата во рок од пет работни дена.

4. Се задолжува Министерството за финансии, сектор за централно финансирање и склучување на договори по подмирување на евентуалните обврски кон изведувачот, во рок од пет работни дена да ги уплати останатите средства од посебната наменска сметка во Буџетот на Република Македонија.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се дава одобрение за започнување на повеќегодишна јавна набавка за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“.

2. Се задолжуваат сите министерства, секретаријати, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Државниот архив на Република Македонија, а се препорачува на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, да номинираат по едно лице за учество во работната група за модернизација на системот за електронско управување со документи и истата да ја достават до Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од седум дена.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да започне активности за реализација на јавна набавка за проектот „Модернизација на системот за електронско управување со документи (ДМС)“, каде плаќањето е планирано да биде реализирано во три години, односно за 2018 во износ од 7.000.000,00 денари, средства кои се обезбедени во буџетот на Министерството, за 2019 година износ од 19.000.000,00 денари и за 2020 година износ од 19.000.000,00 денари, средства ќе бидат планирани во предлог-буџетските барања за 2019 и 2020 година.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на услуги за колокација на информатичка опрема и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка на услуги за колокација на информатичка опрема.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да започне активности за реализација на повеќегодишна јавна набавка за колокација на опрема за проектот „Регистар на население“, каде плаќањето се планира да биде реализирано во три години, односно за 2018 во износ од 1.000.000,00 денари, средства кои се обезбедени во буџетот на министерството, за 2019 година износ од 2.000.000,00 денари и за 2020 година износ од 2.000.000,00 денари, средства кои ќе бидат планирани во Предлог-буџетските барања за 2019 и 2020 година.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата со препорака да се даде предност на изградба на синхротрон со биомедицинска намена (лекување на канцер со хадронска терапија), во рамки на Меѓународниот институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука, откако другите држави ќе го известат Институтот да го извести претседавачот на Меѓународниот институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии, за официјалниот став на Владата на Република Македонија, да се даде предност на изградба на синхротрон со биомедицинска намена (лекување на канцер со хадронска терапија).

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2019-2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да го одложи започнувањето на имплементација на новите наставни планови и програми по наставните предмети математика, физика, хемија и биологија за I (прва) година на гимназиско образование, за I (прва) година на средно стручно четиригодишно образование и за средно стручно тригодишно образование во сите средни училишта.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, најдоцна до 31.3.2018 година, да ја извести Владата за реализацијата на заклучокот бр.1.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на италијански јазик во основно и средно образование како втор странски јазик, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за информатичка опрема сместена во магацините на „ДМТШ Дени интернационал Страшко“ ДООЕЛ Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Царинската управа на Република Македонија во рамките на своите надлежности да преземе активности и мерки за наведената опрема сместена во „ДМТШ Дени интернационал Страшко“ ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Бирото за судски вештачења да подготви проценка на вредноста на информатичка опрема сместена во магацините на „ДМТШ Дени интернационал Страшко“ ДООЕЛ Скопје.

## Точка 86

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање меѓуресорска работна група задолжена за изготвување на Акциски план за воспоставување на надворешен механизам за контрола на лица со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Царинската управа, Министерство за финансии - Управата за финансиска полиција, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за правда - Управата за извршување на санкции, во рок од два дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свој претставник во меѓуресорската работна група.

2. Се укажува на Основен суд Скопје 1 Скопје, Јавното обвинителство на Република Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Народниот правобранител на Република Македонија, во рок од два дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на свој претставник во меѓуресорската работна група.

3. Се задолжува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, во рок од два дена од добивањето на номинациите да формира меѓуресорска група која ќе има за задача во рок од седум дена да изготви Предлог-акциски план за воспоставување на надворешниот механизам за контрола над работата на лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи Предлог-акцискиот план за воспоставување на надворешниот механизам за контрола над работата на лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција да го достави за усвојување до Владата.

**Точка 88**

Владата заклучи:

1. Ја разгледа Националната стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022 година), со Акциски план за имплементација, ја усвои Националната стратегија и го прифати Акцискиот план за имплементација.

2. Ја разгледа Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018 - 2022 година), со Акциски план за имплементација, ја усвои Националната стратегија и го прифати Акцискиот план за имплементација.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**